# ИЗЈАВАТА

## Независноста треба да остане независна

***Ресетирање на европската култура – патоказ до 2024 година***

**Reset!, европската мрежа иницирана од Arty Farty во Лион во 2022 година, обединува независни културни и медиумски структури коишто претставуваат различност и плурализам во Европа и ја засилува нивната видливост и вмрежување преку низа дејства.**

**Целта на мрежата е да ги истакне стресната ситуација и конкретните потреби на денешната културна независност, којашто не е ниту под контрола на некоја јавна власт, ниту поврзана со големи приватни групи.**

**Да се работи заедно за редизајнирање (ресетирање) на културниот и медиумскиот пејзаж во Европа е главната цел на Reset!. Во својата втора година, Reset! и нејзините членови сакаат да ја искажат својата потреба да ги застапуваат и поддржуваат нивните заеднички вредности на плурализам, различност, еднаквост и одржливост на патот кон Европските избори во 2024 година.**

Европа се наоѓа на пресвртница. Во време кога војната повторно се појавува на континентот, опскурантистички, реакционерски и апсолутистички сили доаѓаат на власт во неколку земји, вршејќи необичен притисок на цензура кон слободата на изразување и културната размена. Независните медиуми и културните играчи во моментов, и повеќе од кога било, се под многу различни закани, од исчезнување па сè до репресија за преземање, заедно со тековната економска концентрација на нивниот сектор.

И покрај тоа што се ослабени, овие структури се сепак добро опремени да одговорат на тензиите со кои Европа се соочува во моментов, упорно развивајќи нови пристапи и наративи за навигација низ сегашната сложена клима на економски и политички интереси како и нивната заканувачка динамика на моќ. Со една година до европските избори, ние, независните културни структури и медиумските членови на Reset!, имаме намера да предупредиме за опасностите со кои се соочува нашиот сектор и да го понудиме нашиот придонес во преработката на нов културен, општествен и демократски манифест. Во Reset!, добредојдени се сите играчи, кои ја имаат истата визија како нас за фер европски културен и медиумски пејзаж, да ни се придружат и да придонесат да ги обликуваме тие тврдења во дејства.

Треба да бидеме способни да ги искористиме истражувачкото и напредното размислување на независните културни структури, адаптирани на практиките на следните генерации, за да се соочиме со големите предизвици на нашето време; од еколошки прашања до еднаквост, инклузивност, технолошка децентрализација, работнички права, територијално повторно поврзување и друго и да го затвориме генерацискиот јаз на јавните културни политики.

Исто така, од клучно значење е да се спротивставиме на тековниот тренд на концентрација на работа во Европа во културниот, музичкиот, издавачкиот и медиумскиот пејзаж. Тој тренд, заедно со сè поголемата комерцијализација на креативноста и уметностите, претставува сериозни ризици за постоењето и преживувањето на независната култура, како и на креативната слобода,

уметничката различност, плурализмот на

мислења и воопшто, појавувањето на алтернативни наративи и гласови, национално и меѓународно, во и надвор од секоја граница. Слободата може да се доживее и практикува само кога има еднаков пристап до ресурси и можности, независни од надворешна контрола, влијание и принуда од страна на автократската јавна моќ и распространетите монополистички приватни групи.

Ние, независните, формираме екосистем чија работа е суштинска за растот на креативни иницијативи на териториите што ги претставуваме на европскиот континент и надвор од него. Отелотворуваме културен и медиумски пејзаж што е вкоренет во ангажирани заедници, ориентирани кон младите и општествено свесни. Се залагаме за визија и вештини што се клучни за иднината на нашата култура. Се залагаме за европска и светска соработка за преплетување врски во мрежи и за отвореност кон новото, непознатото, различното, другото. За нас, меѓусекторската заедничка конструкција е клучот за иднината на нашата работа.

Во следните 12 месеци и во пресрет на европските парламентарни избори, заедно ќе се ангажираме за да влијаеме врз начинот на кој јавните политики се толкуваат на ниво на Европската Унија. Особено, да ја поттикнеме прераспределбата на финансиските ресурси во полза на побалансирана дистрибуција кон општествените, политичките и еколошките итни прашања.

Покрај покренување на алармот, целта на оваа изјава е да се соединат сите оние кои ја имаат истата амбиција да се редефинира суштинското значење на културната независност, начинот на интеракција меѓу секторите и начинот на кој тие се однесуваат кон јавните власти и приватниот сектор. Имаме специјална улога во обединувањето на граѓаните околу алтернативна визија на културата со независност во нејзиниот центар; во создавањето чувство на заедница низ креативните инцијативи; и влијаењето врз јавните политики во смисла на поголема општествена свест.

Веруваме дека со тоа што ќе ги соединиме нашите гласови и ќе почнеме да се залагаме за овие избори, сега ќе можеме да изградиме нов основачки акт на нова европска парадигма за култура, медиуми и уметности што е фер и инклузивна за сите, во рамките на европските граници и надвор од нив, како и за следните генерации.